Министерство за финансии
Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор во РСМ

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

## за достапност на документ и јавна расправа
## План за управување со животна средина и социјални работи (ПУЖССР)

## за под-проектот

## „Замена на жичани светилки со нови штедливи ЛЕД светилки низ сите населени места во општина Ранковце“, Општина Ранковце

Во рамки на “Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор во РСМ” кој се реализира од страна на Единицата за спроведување на проектот при Министерството за финансии со финансиска поддршка од Светска Банка, Општина Ранковце аплицираше со под-проект за „Замена на жичани светилки со нови штедливи ЛЕД светилки низ сите населени места во општина Ранковце“.

Согласно *Рамката за животна средина и социјални работи* изготвена врз основа на барањата на Светска Банка беше подготвен документ “План за управување со животна средина и социјални работи” во кој се анализирани влијанијата врз животната средина и социјалните работи кои ќе произлезат од планираните активности на под-проектот. Овој документ е поставен за јавен увид на официјалните веб страници на:

Министерството за финансии (Под-проекти за енергетска ефикасност во единиците на локална самоуправа - finance.gov.mk) и на:

Општина Ранковце: Општина Ранковце (rankovce.gov.mk) на 22.05.2023 година.

Вашите коментари може да ги доставите во рок од 30 дена од поставување на документот на веб страна, преку пополнување на формуларот кој е достапен на следниот линк:

http://rankovce.gov.mk/izvestuvane-za-javna-rasprava-za-proektot-primena-na-merki-za-energetska-efikasnost-vo-sistemot-za-ulichno-osvetluvane-na-opshtina-rankovce -zamena-na-postoechki-svetilki-so-energetski-efikasni/

Во текот на периодот наменет за јавни консултации за ПУЖССР, ќе се одржи и јавна расправа за документот, на **23.05.2023 (вторник) со почеток во 12.00 часот во просториите на општина Ранковце,** со следниот дневен ред:

1. Воведен збор на Градоначалникот на општина Ранковце - 10 минути
2. Краток осврт на проектните активности од страна на претставник од Единицата за спроведување на проектот при Министерство за финансии за Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (Тања Томиќ, Главен координатор на проектот и специјалист за социјални работи) – 10 минути
3. Краток осврт на документ “План за управување со животната средина и со социјалните аспекти за проектот” (Тања Томиќ, Главен координатор на проектот и специјалист за социјални работи) – 20 минути
4. Дискусија.

Датум на објава: 22.05.2023

**Министерството за финансии**
**Единица за спроведување на проектот**